# Дневна хемеротека за *11.02.2016г.*

## МИА - *Македонија ќе ја применува Директивата за индустриски емисии на ЕУ*

ЧЕТВРТОК, 11 ФЕВРУАРИ 2016, 10:19:01

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА




НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија | Македонија ќе ја применува Директивата за индустриски емисии на ЕУ

### Македонија ќе ја применува Директивата за индустриски емисии на ЕУ

Препорачај 0

среда, 10 февруари 2016 12:53



**Скопје, 10 февруари 2016 (МИА)** - Новата Директивата за индустриски емисии претставува главен инструмент за превенција на емисиите од големите индустриски активности, истакна денеска министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири на отворањето на состанокот на твининг проектот „Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за транспонирање и имплементација на новата Директива за индустриски емисии“.

Со овој проект, рече Изаири, на Македонија и се обезбедува поддршка за поуспешна хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската унија.

- Директивата применува интегрален пристап, што има за цел спречување и намалување на загадувањето на животната средина од сите аспекти како што се воздухот, почвата, водата, употреба на ресурси како и генерирање на отпад од самите индустриски активности. Исто така, ги поставува основните принципи за издавање на дозволи и контрола, базирајќи се на

построга примена на најдобрите достапни техники (ВАТ), нагласи Изаири.

Министерот појасни дека новата Директива заменува седум претходно постоечки Директиви, поврзани со индустриски активности и пропишува обврзувачки услови за работа на инсталациите во построга мера од барањата кои што важеле во претходното законодавство на ЕУ.

Амбасадорот на ЕУ во Македонија Аиво Орав појасни дека проектот треба да им овозможи на властите да ја спроведат директивата на ЕУ која ги контролира индустриските емисии.

- Воспоставувањето на добри практики за контрола на индустриските инсталации претставува значаен елемент за здрав менаџмент во оваа област. Земјата редовно се оценува во оваа област од страна на ЕУ и во последниот извештај гледаме дека интегрираната контрола како и процедурите за дозволи имаат напредок, меѓутоа, сепак, останува уште многу да се направи, рече Орав.

Овој проект, како што посочи, има за цел да ги поддржи властите да постигнат напредок во оваа насока. - Тоа бара голема заложба со цел да се задоволат условите коишто се веќе дел од домашната легислатива и да се усогласи со европската легислатива. Националните власти треба и понатаму да се залагаат за спроведување на потребните реформи за кои не треба да останат само на хартија, туку треба  целосно да се спроведат, истакна Орав.

Тој потенцира дека чистата здрава средина е многу значајна за здравјето на поединците. Треба да се вложат напори, рече Орав како на централно така и на локално ниво за да обезбедиме чиста вода и воздух за следните генерации. Нагласи дека ЕУ ќе продолжи да му дава поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање во исполнување на условите и постигнување на целите на патот кон зачленување во Унијата.

Вицепремиерот за европски прашања Фатмир Бесими потенцира дека поглавјето што се однесува на животна средина претставува едно од најобемните поглавја и најголемите предизвици во однос на имплементација на овие директиви од аспект на администрацијата и легислативата.

- Карактеристично за овој проект е и тоа што го користиме твининг проектот, што користиме искуствата од земјите-членки на ЕУ т.е. Австрија и Шпанија и нивните институции и нивите искуства во однос на имплементација на директивите на ЕУ во однос на климатските услови во Република Македонија. Исклучително е важно што ние како земја сме исто така дел од КОП 21 каде што во Париз минатата година се донесоа заклучоци со многу јасни определби на глобално ниво во однос на животната средина, истакна Бесими.

Потенцира, дека Македонија се залагаме за одржлив раст, а тоа значи, како што рече, дека нашите компании треба во рамките на стандардите на европскиот пазар со кој имаме потпишано Спогодба за стабилизација и асоцијација да исполнуваат услови за конкурентност.

Амбасадорот на Австрија Ренате Коблер рече дека неговата земја е голем поддржувач во процесот на пристапување на Македонија во ЕУ, при што и во таа насока нудат голем број на проекти за развој на добри практики, како и значајни твининг проекти заедно со ЕУ.

Вредноста на проектот е 900 илјади евра со траење од 15 месеци, а започнат е со спроведување на 1 октомври 2015 година. Партнери во реализацијата на проектот се: Австрија, преку австриската Агенција за животна средина и Шпанија преку две институции, Регионалното Министерство за животна средина, просторно планирање и инфраструктури на Галиција и Меѓународната фондација за јавна администрација и јавни политики - ФИИАПП.

Проектот е составен од четири компоненти, во рамките на кои ќе се врши процена на економското влијание врз индустрискиот сектор при спроведувањето на Директивата. Ќе се подготви примарно и секундарно законодавство во согласност со новата Директива што подразбира изготвување на нов Закон за контрола на индустриски емисии, како и подзаконските акти кои што произлегуваат од него. Во рамките на проектот ќе биде подготвен и приоритетен список со опрема потребна за спроведување на новата Директива за индустриски емисии. **бк/дма/12:42**

## Вечер - [Со новата европска Директива за индустриски емисии чиста вода и воздух за идните генерации]



ПРЕКУ ТВИНИНГ ПРОЕКТ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

# Со новата европска Директива за индустриски емисии чиста вода и воздух за идните генерации

**Интегрален пристап во спречувањето и намалувањето на загадувањето на животната средина од сите аспекти, како воздухот, почвата, водата, употребата на ресурси како и генерирањето отпад од самите индустриски активности и поставувањето на основните принципи за издавање дозволи и контрола, базирани на построга примена на најдобрите достапни техники, е суштината на новата Директива на ЕУ за индустриски емисии, која ќе ја применува и Македонија**



Оваа Директива ке се имплементира преку твининг проектот "Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за транспонирање и имплементација на новата Директива за индустриски емисии#.

Според министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири преку проектот на Македонија и се обезбедува поддршка за поуспешна хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската унија. Тој појасни дека новата Директива заменува седум претходно постоечки Директиви, поврзани со индустриски активности и пропишува обврзувачки услови за работа на инсталациите во построга мера од барањата кои важеле во претходното законодавство на ЕУ.

- Воспоставувањето на добри практики за контрола на индустриските инсталации претставува значаен елемент за здрав менаџмент во оваа област. Земјата редовно се оценува во оваа област од страна на ЕУ и во последниот извештај гледаме дека интегрираната контрола како и процедурите за дозволи имаат напредок, меѓутоа, сепак, останува уште многу да се направи, вели амбасадорот на ЕУ во Македонија Аиво Орав.

Тој додава дека националните власти треба и понатаму да се залагаат за спроведување на потребните реформи, кои не треба да останат само на хартија, туку треба целосно да се спроведат. За него чистата здрава средина е многу значајна за здравјето на поединците.

- Треба да се вложат напори, како на централно така и на локално ниво за да обезбедиме чиста вода и воздух за следните генерации. ЕУ ќе продолжи да му дава поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање во исполнување на условите и постигнување на целите на патот кон зачленување во Унијата, рече Орав.

Вицепремиерот за европски прашања Фатмир Бесими потенцира дека поглавјето што се однесува на животна средина претставува едно од најобемните поглавја и најголемите предизвици во однос на имплементација на овие директиви од аспект на администрацијата и легислативата.

- Карактеристично за овој проект е и тоа што го користиме твининг проектот, што користиме искуствата од земјите-членки на ЕУ т.е. Австрија и Шпанија и нивните институции и нивите искуства во однос на имплементација на директивите на ЕУ во однос на климатските услови во Република Македонија. Исклучително е важно што ние како земја сме исто така дел од КОП 21 каде што во Париз минатата година се донесоа заклучоци со многу јасни определби на глобално ниво во однос на животната средина, истакна Бесими, според кој во заложбите за одржлив раст нашите компании треба во рамките на стандардите на европскиот пазар со кој имаме потпишано Спогодба за стабилизација и асоцијација, да исполнуваат услови за конкурентност.

Вредноста на 15 годишниот проект кој почна на 1 октомври 2015 година е 900 илјади евра. Партнери во неговата реализација се Австрија, преку австриската Агенција за животна средина и Шпанија преку две институции, Регионалното Министерство за животна средина, просторно планирање и инфраструктури на Галиција и Меѓународната фондација за јавна администрација и јавни политики - ФИИАПП.
Проектот е составен од четири компоненти, во чии рамки ќе се врши процена на економското влијание врз индустрискиот сектор при спроведувањето на Директивата. ќе се подготови примарно и секундарно законодавство во согласност со новата Директива што подразбира изготвување на нов Закон за контрола на индустриски емисии, како и подзаконските акти што произлегуваат од него. Во рамките на проектот ќе биде подготвен и приоритетен список со опрема потребна за спроведување на новата Директива за индустриски емисии.

## Утрински - *Македонија ќе ја применува Директивата за индустриски емисии на ЕУ*

### МАКЕДОНИЈА ЌЕ ЈА ПРИМЕНУВА ДИРЕКТИВАТА ЗА ИНДУСТРИСКИ ЕМИСИИ НА ЕУ



Новата Директивата за индустриски емисии претставува главен инструмент за превенција на емисиите од големите индустриски активности, истакна денеска министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири на отворањето на состанокот на твининг проектот „Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за транспонирање и имплементација на новата Директива за индустриски емисии".

Со овој проект, рече Изаири, на Македонија и се обезбедува поддршка за поуспешна хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската унија.

- Директивата применува интегрален пристап, што има за цел спречување и намалување на загадувањето на животната средина од сите аспекти како што се воздухот, почвата, водата, употреба на ресурси како и генерирање на отпад од самите индустриски активности. Исто така, ги поставува основните принципи за издавање на дозволи и контрола, базирајќи се на построга примена на најдобрите достапни техники (BAT), нагласи Изаири.

Министерот појасни дека новата Директива заменува седум претходно постоечки Директиви, поврзани со индустриски активности и пропишува обврзувачки условi за работа на инсталациите во построга мера од барањата кои што важеле во претходното законодавство на ЕУ.

Амбасадорот на ЕУ во Македонија Аиво Орав појасни дека проектот треба да им овозможи на властите да ја спроведат директивата на ЕУ која ги контролира индустриските емисии.

- Воспоставувањето на добри практики за контрола на индустриските инсталации претставува значаен елемент за здрав менаџмент во оваа област. Земјата редовно се оценува во оваа област од страна на ЕУ и во последниот извештај гледаме дека интегрираната контрола како и процедурите за дозволи имаат напредок, меѓутоа, сепак, останува уште многу да се направи, рече Орав.

Овој проект, како што посочи, има за цел да ги поддржи властите да постигнат напредок во оваа насока. - Тоа бара голема заложба со цел да се задоволат условите коишто се веќе дел од домашната легислатива и да се усогласи со европската легислатива. Националните власти треба и понатаму да се залагаат за спроведување на потребните реформи за кои не треба да останат само на хартија, туку треба целосно да се спроведат, истакна Орав.

Тој потенцира дека чистата здрава средина е многу значајна за здравјето на поединците. Треба да се вложат напори, рече Орав како на централно така и на локално ниво за да обезбедиме чиста вода и воздух за следните генерации. Нагласи дека ЕУ ќе продолжи да му дава поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање во исполнување на условите и постигнување на целите на патот кон зачленување во Унијата.

Вицепремиерот за европски прашања Фатмир Бесими потенцира дека поглавјето што се однесува на животна средина претставува едно од најобемните поглавја и најголемите предизвици во однос на имплементација на овие директиви од аспект на администрацијата и легислативата.

- Карактеристично за овој проект е и тоа што го користиме твининг проектот, што користиме искуствата од земјите-членки на ЕУ т.е. Австрија и Шпанија и нивните институции и нивите искуства во однос на имплементација на

директивите на ЕУ во однос на климатските услови во Република Македонија. Исклучително е важно што ние како земја сме исто така дел од КОП 21 каде што во Париз минатата година се донесоа заклучоци со многу јасни определби на глобално ниво во однос на животната средина, истакна Бесими.

Потенцира, дека Македонија се залагаме за одржлив раст, а тоа значи, како што рече, дека нашите компании треба во рамките на стандардите на европскиот пазар со кој имаме потпишано Спогодба за стабилизација и асоцијација да исполнуваат услови за конкурентност.

Амбасадорот на Австрија Ренате Коблер рече дека неговата земја е голем поддржувач во процесот на пристапување на Македонија во ЕУ, при што и во таа насока нудат голем број на проекти за развој на добри практики, како и значајни твининг проекти заедно со ЕУ.

Вредноста на проектот е 900 илјади евра со траење од 15 месеци, а започнат е со спроведување на 1 октомври 2015 година. Партнери во реализацијата на проектот се: Австрија, преку австриската Агенција за животна средина и Шпанија преку две институции, Регионалното Министерство за животна средина, просторно планирање и инфраструктури на Галиција и Меѓународната фондација за јавна администрација и јавни политики - ФИИАПП.

Проектот е составен од четири компоненти, во рамките на кои ќе се врши процена на економското влијание врз индустрискиот сектор при спроведувањето на Директивата. Ќе се подготови примарно и секундарно законодавство во согласност со новата Директива што подразбира изготвување на нов Закон за контрола на индустриски емисии, како и подзаконските акти кои што произлегуваат од него. Во рамките на проектот ќе биде подготвен и приоритетен список со опрема потребна за спроведување на новата Директива за индустриски емисии.

## ТВ21 - Орав: Треба да се работи повеќе на решавање на проблемот со загадувањето



# Орав: Треба да се работи повеќе на решавање на проблемот со загадувањето

Shku 10, 2016 414 0

АКЦИЈА Facebook Twitter

Продолжуваат обидите за намалување на загадувањето на воздухот. За оваа цел треба да придонесе и твининг проектот на Европската унија.

Преку овој проект ќе се зголемат институционалните капацитети за спречување на загадувањето. Спроведувањето на проектот ќе трае 15 месеци, а ќе чини 900 илјади евра. Европскиот амбасадор во Скопје, Аиво Орав побара поголемо залагање на институциите за решавање на проблемот со загадувањето.

„Создавањето на подобра пракса за контрола на индустриските инсталации е значаен елемент за здраво менаџирање на оваа област. Земјата редовно се оценува во оваа област од страна на ЕУ и од последните извештаи може да видиме дека во контролата и интегрираните процедури е забележан прогрес, но останува уште многу работа. Националните власти треба продолжат со обидите за спроведување на потребните реформи за тие да не останат само на хартија, тука да се спроведат целосно.“, изјави Орав.

Министерот за животна средина, Нурхан Изаири вели дека со новите директиви се очекува намалување на загаденоста, користење на енергетските ресурси и рециклирање на отпадот.

„Новите директиви за индустриските гасови се клучни инструменти за спречување на истите од големите индустриски активности. Се спроведува интегриран пристап со цел спречување и намалување на загадувањето од сите аспекти, како што се: воздухот, земјата, користењето на енергетските ресурси, како и регенерирање на отпадот од самите индустриски активности.“, рече министерот за животна средина Нурхан Изаири.

Вицепремиерот за европски прашања, Фатмир Бесими истакна дека, користењето на искуствата на земјите кои ги имале истите проблеми помага многу на Македонија.

„Карактеристично за овој проект е тоа што ние го користиме „Твининг“ проектот, ги користиме и искуствата на земјите членки на ЕУ, односно на Австрија и Шпанија, како и искуствата на нивните институции за спроведување на директивите на ЕУ во однос на климатските услови на земјата.“, рече Бесими.

Проектот започна со спроведување на 1 октомври на 2015 година. Партнер за реализација на овој проект се Австрија и Шпанија, воедно е предвидено и изработка на законите во согласност со новите директиви, како и обука на институциите за давање на еколошки дозволи.

Бесиан Лека

## Сител - *Македонија ќе ја применува Директивата за индустриски емисии на ЕУ*

Скопје, 10 февруари 2016 (МИА) - Новата Директивата за индустриски емисии претставува главен инструмент за превенција на емисиите од големите индустриски активности, истакна денеска министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири .

## Макфакс - *Почнува проектот во врска со новата Директива за индустриски емисии*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, во среда го отвори почетниот состанок на твининг проектот за Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за транспонирање и имплементација на новат

## Бизнис Вести - *Преку здружување во кластери до поголема конкурентност и развој на туризмот*

УНИДО како специјализирана агенција на Обединетите Нации која промовира индустриски развој, намалување на сиромаштијата, инклузивна глобализација и одржливост на животната средина, во декември минатата година го основа Кластерот за туризам на ...

## Денар - *Почнува проектот во врска со новата Директива за индустриски емисии*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, денеска го отвори почетниот состанок на твининг проектот за Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за транспонирање и имплементација на новата ...

## Репортер - *Македонија ќе ја применува Директивата за индустриски емисии на ЕУ*

Новата Директивата за индустриски емисии претставува главен инструмент за превенција на емисиите од големите индустриски активности, истакна денеска министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири на отворањето на состанокот на ...

## Lider - *Македонија ќе ја применува Директивата за индустриски емисии на ЕУ*

Новата Директивата за индустриски емисии претставува главен инструмент за превенција на емисиите од големите индустриски активности, истакна денеска министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири на отворањето на состанокот на ...

## Курир - *Македонија ќе ја применува Директивата за индустриски емисии на ЕУ*

Новата Директивата за индустриски емисии претставува главен инструмент за превенција на емисиите од големите индустриски активности, истакна денеска министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири на отворањето на состанокот на ...

## Точка - *Почнува проектот во врска со новата Директива за индустриски емисии*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, во среда го отвори почетниот состанок на твининг проектот за Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за транспонирање и имплементација на новата ...

## A1 On - *Македонија ќе ја применува Директивата за индустриски емисии на ЕУ*

Новата Директивата за индустриски емисии претставува главен инструмент за превенција на емисиите од големите индустриски активности, истакна денеска министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири на отворањето на состанокот на ...

**Aktuale** ***- IZAIRI: Direktiva e re- instrument kryesor për prevenimin nga aktivitetet e mëdha industriale***

aktuale.mk
...për të qenë dhe Ti aktual!




## IZAIRI: Direktiva e re- instrument kryesor për prevenimin nga aktivitetet e mëdha industriale (FOTO)

on: 10/02/2016 In: Aktuale, Maqedoni

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi, sot, e hapi takimin fillestar të tvining projektit për Përforcimin e kapaciteteve administrative në nivel qendror dhe lokal për transponimin dhe implementimin e Direktivës së re për Emisionet Industriale.

– Direktiva e re paraqet një instrument kryesor për preventimin e emisioneve nga aktivitetet e mëdha industriale. Zbaton qasje të integruar, që ka për qëllim parandalimin dhe reduktimin e ndotjes së mjedisit nga të gjitha aspektet siç është ajri, toka, uji, përdorimi i burimeve/energjisë, si dhe gjenerimin e mbeturinave nga vet aktivitetet industriale. Gjithashtu, i përcakton parimet bazë për dhënien e lejeve dhe kontrolleve bazuar në një zbatim më të rreptë të Teknikave më të Mira në Dispozicion (BAT)- theksoi me këtë rast ministri Izairi.

Vlera e këtij projekti është 900.000 euro në kohëzgjatje prej 15 muajsh, ndërsa ka filluar që të zbatohet më 1 tetor të vitit 2015.

Përbëhet nga 4komponenta, në kuadër të të cilit do të kryehet vlerësimi i ndikimit ekonomik ndaj sektorit industrial gjatë zbatimit të Direktivës. Do të përgatitet edhe Ligj i ri për Kontrollin e Emisioneve Industriale si dhe aktet nënligjore që dalin prej tij. Administrata qendrore dhe ajo lokale do t'i përforcojë kapacitetet e saja për implementim të rregullt të dispozitave të reja ligjore përmes hartimit të manualeve dhe udhëzimeve për zbatim praktik të Direktivës, përmes mbajtjes së trajnimeve, punëtorive dhe seminareve, si dhe përmes analizimit, vlerësimit dha hartimit të pilot A dhe B Lejeve. Gjithashtu, në kuadër të këtij projekti do të përgatitet edhe një listë prioritare me pajisje të nevojshme për zbatimin e Direktivës së re për Emisionet Industriale.

Partnerë për realizimin e këtij projekti është: Austria, përmes Agjencisë së Mjedisit Jetësor të Austrisë (si partner kryesor), dhe Spanja përmes dy institucioneve, Ministrisë Rajonale të Mjedisit Jetësor, Planifikimit Hapësinor dhe infrastrukturës së Galicisë dhe Fondacionit Ndërkombëtarë të Administratës Publike dhe Politikave Publike – FIIAPP (si partnerë më të vogël).

Në mbledhjen fillestare fjalim mbajtën edhe ambasadori i BE-së në Maqedoni E.T. Aivo Orav, zëvdendëskryeministri për çështje evropiane Fatmir Besimi, ambasadori i Austrisë E.T. Renate Kobller, ambasadori i Spanjës E.T Ramon Abaroa Karanza dhe drejtori i Agjencisë së Mjedisit Jetësor të Austrisë Georg Rebering.



## Almakos - *Izairi: filluam me projektin, do të përgatitet edhe Ligj i ri për Kontrollin e Emisioneve Industriale*

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi, sot e hapi takimin fillestar të tvining projektit për Përforcimin e kapaciteteve administrative në nivel qendror dhe lokal për transponimin...

## MRT - *Emmisionet industriale: 900 mijë euro nga BE ndihmesë për administratën dhe legjislaturën*

Direktiva e re për emisione industriale, paraqet instrumentin kryesor për preventimin e emisioneve...
Direktiva e re për emisione industriale, paraqet instrumentin kryesor për preventimin e emisioneve...

## Yll Press - *Maqedonia do ta zabtojë Direktivën për emetime industriale të BE-së*

Ambasadori i BE-së në Maqedoni, Aivo Orav sqaroi se projekti duhet t'u mundësojë autoriteteve ta zabtojnë direktivën e BE-së e cila i kontrollon emisionet industriale. Direktiva e re për emetime industriale..

## Portalb - *Izairi: filluam me projektin, do të përgatitet edhe Ligj i ri për Kontrollin e Emisioneve Industriale*

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi, sot e hapi takimin fillestar të tvining projektit për Përforcimin e kapaciteteve administrative në nivel qendror dhe lokal për transponimin...

## Tetova Sot - *Fillon projekti për përforcimin e kapaciteteve administrative për transponimin dhe implementimin e Direktivës së re për Emisionet Industriale*

para 21 orë - Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi, sot, e hapi takimin fillestar të tvining projektit për Përforcimin e kapaciteteve administrative në nivel qendror dhe lokal për transponimin.